ИЗРАБОТКА НА НАЦИОНАЛНА ЛИСТА СО ТРАДИЦИОНАЛНИ ПРОИЗВОДИ КАКО ПОЧЕТНА ОСНОВА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО ПОВЕЌЕ ОБЛАСТИ

ВОВЕД

Голем број од земјите членки на Европската Унија имаат воспоставен систем за заштита на традиционалната храна, давајќи им посебна важност на локалните производители. Како што се менуваат начините на живеење, така и потрошувачите го менуваат мислењето за традиционалната храна. Кај повеќето потрошувачи постои тенденција кон купување на земјоделски производи и храна со повисок квалитет, повкусна, побогата со хранливи материи, произведена на традиционален начин од некој определен регион, или пак храна произведена во согласност со принципите за заштита на животната средина. Но, пред сè, традиционалната храна е културно наследство, а за многу рурални подрачја нејзиното производство и продажба може да биде важен економски двигател. Истовремено, нашата држава иако ги донесе поголем дел од законските решенија за заштита на традиционалната храна, имаме само еден регистриран производ со ознака за квалитет.

ГЛАВНИ НАОДИ

Предизвиците со кои се соочуваме во Република Македонија, поврзани со системот на храна денес се причинети од ефектите на индустријализацијата и глобализацијата, при што се придонесува за губење на биолошката разновидност и автохтоните сорти и раси, загадувањето на почвата, водата и уништување на животната средина. Од друга страна пак се појавуваат и здравствени проблеми кај возрасните и децата, се зголемува бројот на неухранетост каде (450.000 жители немаат еден оброк) или прекумерна тежина (5.000 тони годишно изнесува бројката на фрлена храна). Македонија се соочува и со се поголемите социјално -економски предизвици во поглед на развиеноста на руралните средини и процентот на искористеност на обработлива земјоделска површина кои настануваат како резултат на депопулацијата на руралните средини и стареењето на населението. Клучен елемент на одржливиот рурален развој е зголемувањето на можностите традиционалната храна да стане конкурентна на пазарот, која во овој момент за жал сеуште не е.

Во Република Македонија во моментот не постои листа на традиционални производи со нивен детален опис и историска поврзаност со регионите. Такви листи постојат во повеќе европски држави (Италија, Франција, Шпанија...), додека во случајот на Полска, креирањето на ваквата листа беше задолжително по влегувањето во ЕУ (2004). Во Македонија постои само Национална листа на автохтони земјоделски растенија и раси на добиток, каде се евидентирани вкупно 410 автохтони растителни сорти од различни видови и 5 автохтони раси на добиток и истата беше основа за воведување на дополнителни субвенции за одгледувачите на автохтони раси животни.

Оттаму листата на традиционални производи би била основен предуслов за подобра имплементација на програмите во областа на земјоделството и руралниот развој, поточно во спроведување на политиките за заштита на квалитетот на земјоделските и прехранбени производи со што во целост ќе им се помогне на производителите од мал обем во руралните средини кои произведуваат традиционални производи.

Во таа насока, Слоу Фуд Македонија изработи иницијална листа на традиционални производи, составена од 153 кратко опишани производи и 51 детално опишан производ. Листата има национален карактер, со посебен преглед направен на три односно четири плански региони, со цел да се прикаже важноста на традиционалната храна за секој регион, бидејќи локалното производство на храна влијае токму врз регионалната култура, локалниот биодиверзитет, социјална и економска стабилност. По примерот на италијанската ЛТП и во оваа листа главната обработка на податоците се прави според региони и категории на производи. Структурната застапеност на одделните категории производи е речиси идентична како таа во италијанската листа на производи.



Податоците за вкупно 9 производи во категоријата 7. Гастрономски производи (готвени специјалитети), односно само 8 производи од полошкиот плански регион јасно покажува дека постои уште голем број на изоставени производи кои треба да се мапираат и окарактеризираат.

НАСОКИ И ПРЕПОРАКИ

Анализата на иницијалната листа дава повеќе видови на податоци и заклучоци. Кога оваа листа би била конечна или проширена со поголем број на производи, спроведувањето на длабинска анализа врз истата би можело да ја дополни сликата за видовите производи и типовите на производства кои постојат по региони, следењето на биодиверзитетот и

живите практики и методи за производство, што пак понатаму може да се искористи во промовирањето на регионите или креирањето програми за иден развој.

Затоа нашиот став е дека, потребата од постоењето на национална листа со традиционални производи е веќе докажана, а дополнувањето и доработката на истата со вклучување на сите локални и национални засегнати страни е првиот иден чекор. Притоа, неопходна е институционална поддршка на заинтересираните производители, која подразбира и поддршка за:

- воведување неопходните законски барања за хигиена на храна;
- подготовка на елаборатите – спецификацијата на производот;
- промоцијата на заштитените производи;
- поддршка во изработка на студии за доказ на безбедноста на производот, доколку при производството се користат материјали кои не се во согласност со основните закони за безбедност нахраната.

ЗАКЛУЧОК

Во Македонија социјално – економското значење на малите земјоделски стопанства за развој на земјоделството и селските реони може да се резимира во следните насоки:

- Помагаат за одржливо и интегрално развивање на селските реони. Имаат значење за развој на општините, за културното наследство и специфичните карактеристики.
- Малите земјоделски стопанства овозможуваат диверзификација на производството и зголемување на алтернативно вработување што придонесува директно кон локалната економија
- Имаат исто така важна улога во управувањето на земјоделското земјиште, заштита на животната средина, биолошката разновидност

ИЗВОРИ

Анализа на Иницијална листа на традиционални производи, Слоу Фуд Македонија, 2019.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Здружение за заштита, едукација и промоција на храна „Слоу Фуд Битола“, Битола
Николче Николовски, претседател
070 922 429
nikolce.n@slowfood.mk; info@slowfood.mk
www.slowfood.mk